Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-832/1
03.06. 2024 год.
ОБЛЕШЕВО

Друштво за проектирање, градежно занаетчиски работи, трговија и услуги ИНКОМ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увезување
Бр. 03-90
03 06 2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
За јавна набавка

Склучен на ден : 03.06.2024 год.,помеѓу:

1. **Општина Чешиново-Облешево**, застапувана од Градоначалникот Далибор Ангелов, во натамошниот текст-Набавувач и

2. **ДПГ „ Инком Инженеринг“ ДООЕЛ Скопје ,** застапувано од Управителот Стефан Велковски, во натамошниот текст-Носител на набавката.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член1

Предмет на овој Договор е: - *Изработка на документација за објекти од комунална инфраструктура и стручна ревизија на истите, сукцесивно за период од една година,за Дел 2 од предметот на јавната набавка* - **Изработка на стручна ревизија.**

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-644/1, изработена од Набавувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-643/1 од 22.04.2024 год., за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на единствена прифатлива понуда бр.05-716/1 од 07.05.2024 год., поднесена од Носителот на набавката , по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 07339/2024 објавен на ЕСЈН на ден 07.05.2024 год., и во „Службен весник на РСМ“ бр.93/2024 , а врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда број 09-770/2 од 21.05.2024 година, донесена од одговорното лице на Набавувачот.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупниот износ на набавката е добиен по пат на поднесена единствена прифатлива понуда и изнесува вкупно =2.418,00 денари (без ДДВ) , (двеилјадиичетиристотинииосумнаесетденари) збир од сите поединечни ставки со единечни цени опишани во спецификацијата за дел 2 (за единечни цени), **составен дел од понудата,без пресметан ДДВ**, но Договорниот орган не е обврзан да ја искористи целокупната сума, односно ќе се искористат стоки и услуги до планираната вредност на јавната набавка(300.000,00 денари, без ДДВ) , имајќи во предвид дека јавната набавка е сукцесивна, а и потребите на Договорниот орган не се за употреба на сите услуги, односно не се практикува и не се случува во тековното работење да се користат сите наведени услуги. Описите во техничките спецификации се дадени со цел да се добијат цени по кои Договорниот орган може да ги набави услугите кои евентуално ќе му бидат потребни.

Набавката ќе биде сукцесивна, за стоки , количини и услуги според потреба на Набавувачот.

За предметната набавка - *Изработка на документација за објекти од комунална инфраструктура и стручна ревизија на истите, сукцесивно за период од една година* (вкупно дел 1 и дел 2) се предвидени финансиски средства во износ од 1.500.000,00 денари (без пресметан ДДВ).

За Дел 2- **Изработка на стручна ревизија** се планирани 20% од вкупно предвидените средства, односно =300.000,00 денари (без пресметан ДДВ).

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Договорот се склучува за временски период од една година, сметано од денот на потпишување на договорот.

Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за услуга која е нарачана и извршена .

Носителот на набавка ќе пристапува кон извршување на услугите кои се предмет на договорот **само по претходно писмено барање** на договорниот орган, кое ќе содржи вид на услугите согласно техничката спецификација (понудата) , место и рок на извршување.

ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 4

Носителот на набавката е должен услугата која е предмет на договорот да ја изврши и испорача на следниов начин:

Испораката ќе се врши суксецивно (за секоја ревизија), по потреба на договорниот орган во период од една година (сметано од денот на склучување на договорот) , по претходна нарачка од страна на договорниот орган која ќе содржи обем и рок за завршување на работите.

Ревизиите да се изработуваат согласно важечките прописи во 4 хартиени примероци и еден во дигитална-електронска форма компактибилна со електронската форма .

Носителот на набавката е должен да го запази и во дадениот рок да ги изврши нарачаните услуги, во спротивно Договорниот орган го задржува правото да пресмета договорна казна, а во случај на не запазување на дадените рокови во три нарачки, Договорниот орган ќе го откаже договорот, по претходно писмено известување.

- ДО го задржува правото Договорот да не го реализира во целост туку во зависност од потребите.

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Во случај на доцнење со достава на предметната набавка од страна на Носителот, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна-пенали во висина од 0,1% дневно, од вредноста на Договорот.

Во случај на примена на ставот 1 од членот 5, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврската, покрај правото на надомест на штета и договорна казна-пенали, Набавувачот има право едностранo да го раскине Договорот и да склучи Договор со следниот рангиран понудувач (доколку понудата е прифатлива).

ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

ЧЛЕН 6

При изготвување на фактурата Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на Набавувачот, место,седиште, даночен број

-Број и датум на Договорот, по кој се извршува работата

-Количини со опис на стоките и услугите, дефинирани по елементи од Спецификацијата, предмет на набавката

-Единечни цени на секој елемент на набавката

-Вкупни цени по елементи

-вкупна цена на фактурата

-Пресметка на ДДВ и валута на плаќање

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Набавувачот се обврзува плаќањето на преземаната услуга да го врши на следниот начин:

Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за услуга која е претходно нарачана и извршена .

Плаќањето на услугите кои се предмет на овој договор ќе се врши во рок од 60 дена по доставување на конечна фактура и испратница за извршени услуги, што ја доставува Носителот на набавката, уредно потпишани за извршен прием на услугите .

Завршниот извештај ќе се достави до Нарачателот во примерен рок по завршување на услугите, уредно потпишан од Нарачателот и Носителот на набавката.

КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 8

Квантитативен и квалитативен прием на примената услуга врши набавувачот со увид и контрола на документацијата од двете договорни страни договорни страни и во присуство на стручно лице. Испитувањето на квалитетот и квантитетот се врши визуелно уште со примопредавањето на договорените услуги.

Член 9

Набавувачот може да изврши и дополнителни контроли на квалитетот на услугите со дополнителни независни испитувања и контроли на квалитетот кај овластена институција доколку смета за потребно или се сомнева во квалитеѓтот на примените услуги.

ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

Член 10

Материјален недостаток постои ако:

-Услугите според понудата ги немаат потребните својства за намената за која се извршуваат,

-Услугите ги немаат својствата и одликите што се договорени-пропишани во техничката спецификација.

Член 11

Набавувачот е должен доколку открие одредени недостатоци на примената услуга, веднаш или најдоцна во рок од 08 (осум) дена да го извести Носителот на набавката. Во спротивно Носителот на набавката нема да одговара за недостатоците.

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на извршената услуга.

ВИША СИЛА

Член 12

Набавувачот и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не поднесува одговорност-губиток, доколку се работи за губиток предизвикан од виша сила, согласно утврдените случаи на виша сила со Законот за облигациони односи.

ОШТЕТУВАЊЕ

Член 13

Носителот на набавката е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата преизвикана поради неисправност или недостатоци на предметната набавка, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 14

Сите евентуално настанати спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, првенствено договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не постои добро расположение за решавање наспорот, во рок од 10 дена истиот ќе биде препратен на решавање преку арбитражна комисија која ја сочинуваат 3 лица.

Комисијата ја сочинуваат по едно избрано лице од страна на набавувачот, едно лиц од Носителот на набавката, а третиот член го избираат двете договорни страни од редот на Арбитражниот суд на Стопанска комора на Република Северна Македонија.

Доколку и арбитражната комисија не предложи обострано прифатливо решение, спорот ќе се решава преку Основниот суд во Кочани.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Кога едната договорна страна не ги исполни обврските од овој Договор, другата договорна страна може да го раскине Договорот, со достава на известување до другата договорна страна со наведување на причините за раскинувањето.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 16

Договорните страни се согласни да ги применуваат одредбите највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на Договорот.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 17

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи на Република северна Македонија.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, исклучиво со Анекс Договор кој одговара на одредбите на Законот за јавни набавки и Тендерската документација.

Член 19

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Носителот на набавката.

НАБАВУВАЧ,
Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник,
Далибор Ангелов

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА,
ДПГ„Инком Инженеринг“ДООЕЛ Скопје
Управител,
Стефан Велковски

Прилог:Понуда со Спецификација бр.05-716/1 од 07.05.2024 год.,

Изготвил Љијанка Андонова

Прилог 1 - Образец на понуда

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Примено	07. 05. 2024		
Организациска единица	Број	Прилог	Вредност
05	716/1		

INKOM INZENERING
www.inkoming.com • inkodel@gmail.com
Бул. Јане Сандански бр. 70/2, Скопје • tel/fax.02 2450 512
ИНКОМ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје • проектирање, ревизија, надзор, изведување, опремување

[меморандум на понудувачот]

Врз основа на огласот број 07339/2024 *(дел 2)* објавен од страна на Општина Чешиново-Облешево за доделување на договор за јавна набавка за - *Изработка на документација за објекти од комунална инфраструктура и стручна ревизија на истите, сукцесивно за период од една година*, со спроведување на Поедноставена отворена постапка, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Арх.бр.05-69 од 30.04.2024

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: Инком инженеринг Дооел Скопје
I.2. Контакт информации

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги изработиме следниве услуги : - *Изработка на документација за објекти од комунална инфраструктура и стручна ревизија на истите, сукцесивно за период од една година (дел 2)*,

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на изведување утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Нашата понуда за набавка на услуги : *Изработка на документација за објекти од комунална инфраструктура и стручна ревизија на истите, сукцесивно за период од една година, (дел 2)* вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без пресметан ДДВ, изнесува проценти 2.418,00 **[со бројки] , (двеилјадичетрстоиосумнаесетденари) [со букви] проценти/денари.**

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 435,24 денари.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
III. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје 30.04.2024

Одговорно лице
Стефан Велковски дипл.инж.

(потпис и печат) *

ИНКОМ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз СКОПЈЕ

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*
Доколку понудата ја потпишува овластено лице од понудувачот, задолжително приложува и Овластување за потпишување.

Арх.бр.05-69/1 од 30.04.2024

Техничка спецификација за изработка на документација за објекти од комунална инфраструктура и стручна ревизија на истите, сукцесивно за период од една година				
Дел 1	**Изработка на основни проекти**			
Ред.бр.	Проект за објект	Единична мера	Количина	Единична цена без ДДВ
1	Изработка на Основен проект за локални патишта			
	до 500м	m	1	
	Од 501-1000м	m	1	
	Над 1000м	m	1	
2	Изработка на Основен проект за улици патишта			
	До 500м	m	1	
	Од 501-1000м	m	1	
	Над 1000м	m	1	
3	Изработка на Основен проект за реконструкција (реватилизација и рехабилитација) на патна инфраструктура			
	До 500м	m	1	
	Од 501-1000м	m	1	
	Над 1000м	m	1	
4	Изработка на Основен Проект за градби за кои не е потребно одобрение за градење за фотонапонски централи кои се поставуваат на објекти	$м^2$	1	
5	Основен проект за детска градинка	$м^2$	1	
6	Основен проект за Изградба на каналска мрежа за одведување на површински води			
	До 500м	м	1	
	Од 501 до 1000м	м	1	
	Над 1000м	м	1	
7	Изработка на елаборат за заштита на животна средина за инфраструктурни објекти	Бр.	1	
8	Изработка на Основен проект за реконструкција (адаптација со пренамена) на објект	$м^2$	1	
9	Основен проект за резервоар и бунари за водоснабдување			
	Со зафатнина 200м3	$м^3$	1	

	Зафатнина од 201 до 500м3	$м^3$	1	
	Зафатнина над 500м3	$м^3$	1	
10	Основен проект за изградба на потпорен ѕид со дебелина 30см	м	1	
11	Изработка на проект на изведена состојба	$м^2$	1	
12	Основен проект за партерно уредување	$м^2$	1	
13	Основен проект за Уредување на речно корито			
	До 500 м	м	1	
	Од 501 до 1000м	м	1	
	Над 1000м	м	1	
14	Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај	м	1	
15	Изработка на идеен проект за линиски инфраструктурен објект	м	1	
	Изработка на идеен проект за објекти од втора категорија	$м^2$	1	
Дел 2	**Изработка на стручна ревизија за :**			
Ред.бр.	Вид на проект	Единична мера	Количина	Единична цена без ДДВ
1	Изработка на ревизија на Основен проект за локални патишта			
	до 500м	м	1	78,00
	Од 501-1000м	м	1	52,00
	Над 1000м	м	1	39,00
2	Изработка на ревизија на Основен проект за улици патишта			
	До 500м	м	1	78,00
	Од 501-1000м	м	1	52,00
	Над 1000м	м	1	39,00
3	Изработка на ревизија на Основен проект за реконструкција (реватилизација и рехабилитација) на патна инфраструктура			
	До 500м	м	1	52,00
	Од 501-1000м	м	1	39,00
	Над 1000м	м	1	26,00
4	Изработка на ревизија на Основен проект за детска градинка	$м^2$	1	260,00
5	Изработка на ревизија на Основен Проект за градби за кои не е потребно одобрение за градење за фотонапонски	$м^2$	1	234,00

	централи кои се поставуваат на објекти			
6	Изработка на ревизија на Основен проект за Изградба на каналска мрежа за одведување на површински води			
	До 500м	м	1	52,00
	Од 501 до 1000м	м	1	39,00
	Над 1000м	м	1	26,00
7	Изработка на ревизија на Основен проект за резервоар и бунар за водоснабдување			
	До 200м3	$м^3$	1	312,00
	Од 201 до 500м3	$м^3$	1	195,00
	Над 500м3	$м^3$	1	156,00
8	Изработка на ревизија на Основен проект за изградба на потпорен ѕид со дебелина 30см	м	1	325,00
9	Изработка на ревизија на Основен проект за реконструкција (адаптација со пренамена) на објект	$м^2$	1	117,00
10	Изработка на ревизија на Основен проект за Уредување на речно корито			
	До 500 м	м	1	78,00
	Од 501 до 1000м	м	1	52,00
	Над 1000м	м	1	39,00
11	Изработка на ревизија на Основен проект за партерно уредување	$м^2$	1	58,50
12	Изработка на ревизија на Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај	м	1	19,50

Вкупна цена од поединечните ставки без ДДВ (за Дел 1).....

Вкупна цена од поединечните ставки без ДДВ (за Дел 2)..... 2.418,00

Напомена: Набавката е делива по позиции: 1 и 2
Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе се врши исклучиво за услуги кои се нарачани и извршени.

Изготвил,

Ива Стефанова

Понудувач,

Инком Инженеринг Дооел Скопје

ИНКОМ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз СКОПЈЕ